ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
Градоначалник
СКОПЈЕ

| Примено: 12 -06- 2025 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број | Прилог: | Вредност: |
| 12 | 6762/1 | | |

| |
|---|
| Архив. знак: |
| Рок на чување: |
| Потпис |

До Општина Гази Баба
(имател на информацијата)

**Б А Р А Њ Е**
**за пристап до информации од јавен карактер**

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Македонија бр. 13/06; бр.86/08, бр.6/10 и бр.42/14), од имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

(опис на информацијата која се бара)

1. Буџет (детален) на ЕЛС за 2024 година
2. Име, презиме и контакт од Координаторот за еднакви можности и датум на негово назначување
3. Акт за систематизација на работните места
4. Годишен извештај за напредокот на состојбата со еднаквите можности за жените и мажите за 2024 година
5. Листа на иницијативи (проекти, програми и активности на ЕЛС, предлог стратегии) доставени од Координаторот за еднакви можности до ЕЛС во 2024 година
6. Листа на иницијативи на Координаторот за еднакви можности реализирани од страна на ЕЛС во 2024 година
7. Листа на членови на Комисија за еднакви можности во 2024 година и нивни контакти
8. Актуелна Стратегија за работа на Комисија за еднакви можности за 2024 година
9. Годишна програма за работа на Комисија за еднакви можности за 2024 година
10. Актуелен Акциски план за работа на Комисија за еднакви можности за 2024 година
11. Број на одржани состаноци на Комисијата за еднакви можности во 2024 година
12. Број на буџетски седници на кои присуствувала Комисијата за еднакви можности во 2024 година
13. Листа на мерки и активности кои Комисијата за еднакви можности ги има доставено до Советот на ЕЛС во 2024 година
14. Износ на финансиски средства од буџетот на ЕЛС за 2024 назначен за основните мерки согласно чл. 5, 6 од Законот за еднакви можности
15. Износ на финансиски средства од буџетот на ЕЛС за 2024 назначен за посебни мерки согласно чл. 7 од Законот за еднакви можности
16. Локален акциски план за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите за 2024

17. Број на мажи и број на жени членови на комисиите на општината во 2024

18. Број на мажи и број на жени членови на управни одбори на јавните служби под надлежност на општината во 2024

19. Програми за заштита на жените жртви на родово базирано насилство и жртвите на семејното насилство во согласност со член 21 од Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство

20. Број на воспоставени центри за згрижување на жртви, советувалишта за жртви, советувалишта за сторители и други услуги за превенција на родово-базирано насилство во согласност со член 21 од Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство

21. Одвоени финансиски средства за функционирање на услуги за превенција и заштита на жените жртви на родово-базирано насилство и жртви на семејното насилство на локално ниво во согласно со член 21 од Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство.

Форма во која се бара информацијата:
а) електронски запис
б) по пошта

(се наведува бараната форма, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:
а) емајл
б) по пошта

Барател на информацијата:
Здружение на граѓани, [redacted]

Застапник / полномошник на барателот на информацијата:
[redacted]
Бул. [redacted]

(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање за слободен пристап до информација од јавен карактер)

Во Скопје

Датум: 09.06.2025 година
Потпис

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА

ул. Архимедова бр.2 1000 Скопје, Македонија
тел: +389 (02) 322 66 55; факс +389 (02) 321 51 12, http:// www.gazibaba.gov.mk, opstina@gazibaba.gov.mk

Врз основа на член 20 став (2) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ“ бр.101/19), се донесува следното

ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
Бр. 12-6762/2
15.07. 2025 год.
СКОПЈЕ

**РЕШЕНИЕ**
**за доставување на информации од јавен карактер**

Образложение

Барањето број 12-6762/1 од 12.06.2025 година за пристап до информации од јавен карактер поднесено од страна на [redacted], **СЕ ПРИФАКА.**

Барателот од Општина Гази Баба ги бара следните информации, врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ“ бр.101/19) на кои што ги даваме следните одговори :

1. Буџет (детален) на ЕЛС за 2024 година.

   https://gazibaba.gov.mk/wp-content/uploads/2025/05/izvestaj-od-realizacija-na-budhet-za-2024-godina.xlsx

2. Име и презиме на Координаторот за еднакви можности и датумот на негово назначување

   **- Ружица Ристеска – координатор - 2022 година**
   **- Митко Аџикотарев - заменик координатор**

3. Акт за систематизација на работните места

   https://gazibaba.gov.mk/wp-content/uploads/2025/07/sistematizacija202507.pdf

4. Годишен извештај за напредокот на состојбата со еднаквите можности на мажите и жените за 2024 година

   **- Во прилог скениран во пдф формат на е-маил**

5. Листа на иницијативи (проекти, програми и активности, предлог стратегии доставени од Координаторот за еднакви можности до ЕЛС

   **- Во однос на горенаведеното прашање иницијативите, предлозите и проектите се наведени во Акциониот план**

6. Листа на иницијативи (проекти, програми и активности, предлог стратегии реализирани од страна на ЕЛС

**- Иницијативи (проекти, програми и активности, предлог стратегии) реализирани од ЕЛС се наведени во Извештајот за 2024 година**

ул. Архимедова бр.2 1000 Скопје, Македонија
тел. +389 (02) 322 66 55; факс +389 (02) 321 51 12; http:// www.gazibaba.gov.mk; opstina@gazibaba.gov.mk

7. Листа на членови на Комисија за еднакви можности во 2024 и нивни контакти

**Членови на Комисијата:**

- **Живко Белчев- претседател- 070 981 754**
- **Соња Зашовска - член**
- **Мартин Десподовски- член**
- **Сузана Трпковска - член**
- **Марија Ѓошевска- член**

8. Актуелна Стратегија за работа на Комисија за еднакви можности за 2024

- **Стратегијата е во фаза на изработка**

9. Годишна програма за работа на Комисија за еднакви можности за 2024

- **За годишната програма на работатата на Комисијата се предвидени финансиски средства во износ од 100.000,00 денари и истата е дел од програмата за јавни дејности на Општина Гази Баба за 2024 година.**

10. Актуелен акциски план за за работа на Комисија за еднакви можности за 2024

- **Во прилог скениран во пдф формат на е-маил**

11. Број на одржани состаноци на Комисијата за еднакви можности

- **Одржани се 4 седници на Комисијата**

12. Број на буџетски седници на кои присуствувала Комисијата за еднакви можности

- **Комисијата присуствувала на 4 буџетски седници**

13. Листа на мерки и активности, кои Комисијата ги има доставено до Советот на ЕЛС во 2024 година

- **Активностите од Акцискиот план се реализираат преку општинските програми во зависност од областа на соодветната програма.**

14. Износ на финансиски средства од буџетот на ЕЛС за 2024 назначен за основните мерки согласно член. 5 и 6 од Законот за еднакви можности

- **За годишната програма на работатата на Комисијата се предвидени финансиски средства во износ од 100.000,00 денари**

15. Износ на финансиски средства од буџетот на ЕЛС за 2024 назначен за посебни мерки согласно член 7 од Законот за еднакви можности

- **За годишната програма на работатата на Комисијата се предвидени финансиски средства во износ од 100.000,00 денари**

16. Локален акциски план за 2024 година

- **Предвидените активности од акцискиот план за 2024 година се реализираат преку програмите на општинаГази Баба.**

17. Број на мажи и жени членови на Комисијата

**- 3 жени и 2 мажи**

18. Број на мажи и жени членови на управни одбори на јавните служби под надлежност на општината за 2024

**- Вкупен број на членови на УО во ЈКП ГАЗИ БАБА-2007 Скопје за 2024 година се (пет) члена, од кои 2(две) жени и 3(тројца) мажи.**

**состојбата се менува во Август 2024 кога се 2(две) жени и 2(двајца) мажи (поради оставка на член на УО)**

**во ноември 2024 има повторна промена (поради оставка на член на УО) и остануваат 1(една) жена и 2(двајца) мажи**

**Сегашна состојба е истата 1(една) жена и 2(двајца) мажи**

19. Програми за заштита на жените жртви на семејно насилство во согласност со чл. 21 од Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство

- **Општина Гази Баба долги години соработува со НВО Кризен центар Надеж - СОС линија и Кризен Центар, чие што седиште се наоѓа на територјата на Општина Гази Баба.**

- **Услугите коишто ги дава се бесплатната национална СОС линија со број 15-315, достапна 24/7, од сите мобилни оператори во РСМ, како и кризно згрижување на жени жртви на семејно насилство за период од 24-48 часа, каде што добиваат психолошка поддршка, правно советување и поврзување и комуникација со релеванти институции.**

20. Број на воспоставени центри за згрижување на жртви, советувалиштаза жртви, за сторители и други услуги за превенција на родово базирано насилство во согласност со чл. 21 од Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство

- **НВО Кризен центар Надеж - СОС линија и Кризен Центар**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
ул. Архимедова бр.2 1000 Скопје, Македонија
тел. +389 (02) 322 66 55; факс +389 (02) 321 51 12; http:// www.gazibaba.gov.mk; opstina@gazibaba.gov.mk

21. Одвоени финансиски средства за функционирање на услугите превенција на родово базирано насилство на локално ниво во согласност со чл. 21 од Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство

- **На Кризен центар Надеж - СОС линија и Кризен Центар доделени се финансиски средства во износ од:**
  - **2022 година - 280.000,00 денари**
  - **2023 година - 288.000,00 денари**
  - **2024 година - 50.000,00 денари**
  - **2025 година - 30.000,00 денари**

**https://gazibaba.gov.mk/wp-content/uploads/2025/04/finansiski-sredstva-za-proekti-za-nvo-zdruzenija-na-gragani-i-fondacii-za-2024-godina.xlsx**

Согласно Вашето барање Ви ги доставуваме бараните информации по е-маил.

Правна поука: Против ова Решение може да се поднесе жалба до Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер, во рок од 15 дена од денот на приемот на ова решение.

Решението е доставено до:
Странката
Архивата на Општина Гази Баба

Одговорно лице за посредување при остварување на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер

Анита Илиевска Кузеска

АИК